**20141424405**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 56 став (3) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на годишната програма за генерички обуки на административни службеници (во натамошниот текст: Годишна програма).

Член 2

Годишната програма се изготвува во електронска форма и содржи каталог - преглед на понудени генерички обуки, опишани со следната структура:

- реден број на обуката;
- назив на обуката;
- начин на спроведување на обуката (во училница или електронски);
- целна група (категорија на работни места);
- предлог датуми на одржување на обуките и
- финансиски средства потребни за реализација на обуката.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнување со примена на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014).

Бр. 14/2-2766/15
16 септември 2014 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски**, с.р.